Врз основа на член 7 од Законот за ученичкиот стандард („Службен весник на Република Македонија" број 52/05, 117/08, 17/11, 135/11, 15/13, 41/14, 146/15, 30/16, 64/18 и 20/19) и член 40 став 3 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 265/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 30 март 2020 година, донесе

# ПРОГРАМА

## ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ И РАЗВОЈ НА ДЕЈНОСТА ВО УЧЕНИЧКИОТ СТАНДАРД ЗА 2020 ГОДИНА

1. Во Програмата за остварување и развој на дејноста во ученичкиот стандард за 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 277/19), во делот 1. по ставот 6 се додава нов став 7, кој гласи:

„По исклучок од став 6 на делот 1., за време на траењето на вонредната состојба месечната цена за сместување и исхрана, која што ја плаќа Министерството за образование и наука, за еден ученик од средното образование е 3.750 денари, според бројот на ученици сместени во ученичкиот дом заклучно со месец март 2020 година, а ќе се исплаќа за 12 месеци."

Ставовите 7, 8, 9, 10 и 11 стануваат ставови 8, 9, 10, 11 и 12.

2. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр.44-2652/1
30 март 2020 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА
ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА
МАКЕДОНИЈА

Оливер Спасовски